КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-752/4
18.08. 2021 год.
СКОПЈЕ

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

18.8.2021

Врз основа на членот 15 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Управниот одбор на Комората на 18.8.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

за избор на понудувач за осигурување за потребите на Комората

1. За четирите осигурителни полиси за осигурување за потребите на Комората, и тоа:

- Осигурување од професионална одговорност за активните членови на Комората
- Осигурување на имотот/деловниот простор на Комората
- Осигурување на техничката опрема на Комората
- Осигурување од незгода за вработените во Комората

Управниот одбор го избра осигурителното друштво УНИКА, како понуда со најниска цена, со следните цени по осигурителна полиса:

| Полиса | Сума на годишно ниво | Сума со попуст за еднократно плаќање |
|---|---|---|
| Професионална одговорност за 3.400 активни членови на Комората<br>**Доколку бројот на членови се промени, пропорционално се променува и сумата* | 193.190 ден<br>**следува 10% попуст за еднократно плаќање* | 173.871 ден |
| Имот | 14.302 ден<br>**следува 10% попуст за еднократно плаќање* | 12.871,8 ден |
| Техничка опрема | 7.980 ден<br>**следува 10% попуст за еднократно плаќање* | 7.182 ден |
| Незгода | 14.952 ден | 14.952 ден |

Односно за вкупна сума од 208.877 денари со вклучен попуст за еднократно плаќање, со напомена дека сумата кај првата полиса (професионална одговорност) е варијабилна во зависност од конкретниот број на активни членови.

2. Понудата и условите за осигурување е дел од оваа одлука.

3. Одлуката да се достави до Управниот одбор, стручната служба на Комората и сметководство.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 16 јули 2021 година, Комората изготви повик со барање понуди за 4 осигурителни полиси за потребите на Комората број 03-690/1 од 16.7.2021 година, и тоа за осигурување од професионална одговорност за сите активни членови на Комората; за осигурување на деловниот простор на Комората; за осигурување на техничката опрема на Комората и за осигурување од незгода за вработените во Комората.

Целосната документација со повикот беа доставени на Управниот одбор на состанокот на УО на 21 јули 2021. Во утврдениот рок беа доставени понуди од 8 осигурителни друштва, и сите понуди беа доставени на Управниот одбор на состанокот на 21 Јули 2021.

Управниот одбор одлучи да ги издвои двете најдобри понуди – од УНИКА и ХАЛК осигурување, со насока да се увидат посебните услови во полисата за осигурување од професионална одговорност, и да се консултира експерт од Агенцијата за суперизија на осигурувањето (АСО), со цел избор на најповолен понудувач, и воедно одобри горна граница за набавката да биде 220.000 денари на годишно ниво.

На 29 јули 2021 година, по остварениот состанок со Д-р Дарко Блажевски, експерт за осигурување, чие мислење е дел од документацијата во прилог на оваа одлука, на 9 август беа побарани дополненија на понудите од двата најдобри понудувачи.

Дополнетите понуди се дадени на Управниот одбор за состанокот на 18 август 2021 по што Управниот одбор одлучи како диспозитивот на оваа одлука.

Претседател на Управниот одбор

М-р Кристинка Радевски

Изработил ДА

## Избор на понудувач за осигурување за потребите на Комората

Управниот одбор на состанокот на 21 јули 2021, разгледа 8 понуди за осигурување за потребите на Комората, и тоа:

**Анализа на понуди осигурување Комора ОАИ 2021* - ТОЧКА 5, УО, 21 Јули 2021**

| р.бр. | Тековно осигурување | Осигурување од професионална одговорност | Колективно осигурување од несреќа | Осигурување компјутери и опрема | Осигурување имот | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | UNIQA | 219.106 | 12.600 | x | x | **231.706** |
| 2 | Croatia | x | x | 7.370 | 6.011 | **13.381** |

| р.бр. | Понудувач на осигурителни услуги за Комората за период 2021-2022 | Осигурување од професионална одговорност (3400 инженери) | Колективно осигурување од несреќа (7 вработени, 12 месеци) | Осигурување компјутери и опрема | Осигурување имот | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | UNIQA - пакет 1 | 193.190 | 8.400 | 3.896 | | **205.486** |
| | UNIQA - пакет 2 | x | 14.952 | x | x | |
| 2 | Winner - пакет 1 | 9.679.800 | 8.400 | 10.280 | 12.760 | **9.711.240** |
| | Winner - пакет 2 | 10.754.200 | 12.600 | x | x | |
| | Winner - пакет 3 | x | 16.800 | x | x | |
| 3 | Осигурување Македонија - пакет 1 | x | 8.400 | x | 6.883 | |
| | Осигурување Македонија - пакет 2 | x | 16.800 | x | x | |
| 4 | Ад Осигурителна полиса - пакет 1 | 17.816.000 | 8.400 | 7.695 | 2.337 | **17.834.432** |
| | Ад Осигурителна полиса - пакет 2 | x | 12.600 | x | x | |
| | Ад Осигурителна полиса - пакет 3 | x | 16.800 | x | x | |
| 5 | САВА осигурување - пакет 1 | x | 12.600 | 11.119 | 5.249 | |
| | САВА осигурување - пакет 2 | x | 16.800 | x | x | |
| | САВА осигурување - пакет 3 | x | 21.000 | x | x | |
| | САВА осигурување - пакет 4 | x | 256.200 | x | x | |
| 6 | ЕВРОИНС - пакет 1 | 10.455.000 | 12.600 | 22.355 | 6.100 | **10.496.055** |
| | ЕВРОИНС - пакет 2 | x | 16.800 | x | x | |
| | ЕВРОИНС - пакет 3 | x | 21.000 | x | x | |
| 7 | Халк осигурување - пакет 1 | 184.500 | 8.400 | 18.041 | 3.739 | **214.680** |
| | Халк осигурување - пакет 2 | 10.424.400 | 12.600 | x | x | |
| 8 | Croatia - пакет 1 | x | 8.400 | 6.910 | | |
| | Croatia - пакет 2 | x | 12.600 | x | x | |

Управниот одбор на Комората, на 21 јули 2021, избра две најповолни понуди – УНИКА и ХАЛК, со насока за дополнителна анализа на посебните услови од полисите, и потреба од експертско мислење од експерт за осигурување.

Дополнетите понуди од двата најдобри понудувачи, за одлучување и избор од УО се следни:

Дополнителните информации беа побарани од понудувачите на 9 август 2021 година, при што сумарно, понудите од двајцата најдобри понудувачи за сите 4 полиси се следни:

| р.бр. | Понудувач на осигурителни услуги за Комората за период 2021-2022 | Осигурување од професионална одговорност (3400 инженери) | Колективно осигурување од незгода (7 вработени, 12 месеци), | Осигурување компјутери и опрема | Осигурување имот | ВКУПНО | ВКУПНО, со вклучен попуст за еднократно плаќање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | UNIQA - пакет 1 | 193.190<br>(нема ограничување на максимална можна штета)<br>*дополнителни 10% попуст за еднократно плаќање | 8.400 | 3.896<br>*дополнителни 10% попуст за еднократно плаќање | | 205.486 | 185.777 ден |
| | UNIQA - пакет 2<br>(со дополнителните ризици) | 193.190<br>(нема ограничување на максимална можна штета)<br>*дополнителни 10% попуст за еднократно плаќање | 14.952<br>(со вклучен ризик од смрт поради болест) | 22.282<br>(со вклучени ризици од порој, земјотрес, провална кражба и разбојништво)<br>*дополнителни 10% попуст за еднократно плаќање | | 230.424 | 208.877 ден |
| 2 | Халк осигурување - пакет 1 | 184.500<br>(ограничување на максимална можна штета од 30.000 евра, односно на годишно ниво може да бидат покриени максимум 6 инженери по 5.000 евра) | 8.400 | 21.780<br>(вклучува провална кражба и разбојништво, но НЕ и земјотрес) *дополнителни 10% попуст за еднократно плаќање | | 214.680 | 212.503 ден |
| | Халк осигурување - пакет 2<br>(со дополнителните ризици) | 184.500<br>(ограничување на максимална можна штета од 30.000 евра, односно на годишно ниво може да бидат покриени максимум 6 инженери по 5.000 евра) | *Не доставија понуда со вклучен ризик од смрт поради болест* | *Не доставија понуда со вклучен ризик од земјотрес* | | x | x |